*БЛАГА ПЕТРОСКА*

# НОРМИТЕ ЗА ГОЛЕМИНАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И СТАВОВИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ВРСКА СО РЕПРОДУКТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО

Во СР Македонија како и во цела Југославија во повениот период доаѓа до големи промени во репродуктивното однесување на населението кои, пред сè, се изразуваат во едно значајно опаѓање на нивото на наталитетот. Мошне забележителен е процесот на премин од традиционалното репродукитвно поведение кон еден посовремен тип на репродукција со пониско ниво на наталитетна стапка. Така од 40,7 живородени деца на 1000 жители во 1948 година, тој број се намалува постепено, па во 1961 година изнесува 29,9 а во 1981 година 20,6. Тенденцијата на опаѓање на наталитетот е мошне изразена во Републиката како целина, но забележуваме значајни разлики и во интензитетот на неговото опаѓање и во неговото ниво доколку тие ги посматраме на потесните подрачја, внатре во Републиката. Така, на една страна имаме наталитет кој не е доволен за обнова на генерациите, а на друга страна, наталитет кој доведува до демографски раст кој стопанството не може да го апсорбира. Ваквиот двоен модел на репродукција на нашето население не само што ги задржува, туку и ги зголемува регионалните, социјалните и етничките разлики во демографскиот развој.

Опаѓањето на виталните стапки е најинтензивно кај македонското население (стапката на наталитетот од 34,8% во 1953 година е намалена на 17,8% во 1981 година). Податоците јасно укажуваат дека меѓу македонскиот дел на населението настапува еден модел на репродукција базиран на низок наталитет. Ниската репродуктивна норма постепено опфаќа се поширокu слоеви на населението и игра активна улога при формирањето на нивното репродукитвно однесување. Имајќи ги предвид бројните фактори кои делуваат врз висината на наталитето, со ова истражување е направен обид по-

длабоко да се навлезе во сферата на однесувањето и сфаќањето на луѓето во областа на репродукцијата присутни во бракот и семејството и кај самата индивидуа.

## СТАВОВИТЕ ЗА ГОЛЕМИНАТА НА СЕМЕЈСТВОТО

Проучувањето и објаснувањето на законормерностите или барем на тенденциите во демографските процеси, посебно на движењето на наталитетот, мора да се базира на емпириското истражување на репродуктивното поведение и на општествените ставови за големината на семејството, а исто така и на претставите за индивидуално и општествено најприфатлива големина на семејството.

Воопшто земено поведението на луѓето се јавува како последица на сложеното влијание на низа објективни и субјективни фактори. Индиректно, нивното поведение е условено од потребите изразени во интересите на поединците, брачните парови и општеството во целина, познавањето на тие потреби и интереси и нивното претворување во вредности. Врз база на нив се формираат ставовите како мотив за одредена усмерена дејност. Во тој контекст и репродуктивното поведение на луѓето исто така е последица на еден посебно сложен процес затоа што покрај ставовите (рационален фактор) тој е условен и од емоциите и од биолошкиот нагон за одржување на видот.

Не може да се негира влијанието на ставовите за големината на семејството врз конкретното поведение на поединците и општествените групи во однос на сопствената репродукција. Нивните ставови се поврзани со бројот на децата (големината на семејството) се дел од вредносниот систем кон кои во помала или поголема мера се придржуваат луѓето во своето поведение воопшто вклучувајќи го и нивното репродуктивно поведение.

Луѓето имаат различни желби, се стремат кон различни општествени и лични идеали па е нормално што создаваат идеални претстави за семејството, за неговата големина, за односите во него и да тежнеат кон остварување на тие идеали. Секако, дека социјалните фактори во крајна линија се тие битни фактори кои ги условуваат ставовите воопшто, па и нормите за големината на семејството.

Меѓутоа, идеалните претстави за големината на семејството не значат и нивно нужно реализирање. Ставовите за големината на семејството и претставата за идеалниот број деца не се остварува од повеќе причини. Пред сè, може да се наведат конкретните услови за живеење на поединците кои тоа не го дозволуваат. Исто така значаен фактор е и самата промена на ставовите на поединците која

во дадениот момент не е во согласност со поранешните норми за големината на семејството. Самото регулирање на раѓањето (планирањето на семејството) многу поретко се јавува како причина која доведува до разлика меѓу ставовите за големината на семејството и раѓањето во покреативниот период. Анализата на ставовите на жената за тоа дали жената треба да роди толку деца колку што може, укажува дека големото мнозинство жени 82,9% се против неконтролираното раѓање, а само 7,0% се изјаснуваат за него. Во таа смисла и се поставува прашањето за бројноста со која тие се менуваат, за факторите кои делуваат врз нивното менување. Поради нивната важност за конкретното репродуктивно поведение на поединците и на сопрузите значајно е да се утврди дали тие промени имаат внатрешногенерациски или меѓугенерациски карактер[1].

Колку општеството е понапредно и на поголемо економско и културно ниво, ставот за големината на семејството зазема се позначајно место меѓу факторите кои влијаат врз репродукцијата. На тој начин разликите меѓу идеалниот, саканиот и вистинскиот број деца се помалку се поставуваат. Затоа, голем број истражувачи се поголемо внимание му посветуваат на истражувањето на ставовите за големината на семејството и на нивното влијание врз репродуктивното поведение. Во бројни анкети во нашата земја има обиди преку разни прашања да се дојде до сознанието за таа свест, односно за ставовите кон големината на семејството кај родителите, особено на мајките. При нашето анкетирање исто така во центарот на вниманието се најдоа прашањата кои денес меѓу истражувачите се поставуваат а се однесуваат на тоа колку тие ставови подлегнуваат на промени, какво е темпото на тие промени и како и кои фактори делуваат врз нив.

Проучувјќи некои аспекти на наталитетот кај Македонците, а поѓајќи од некои социолошки и социјално-политички фактори како непосредни детерминанти во чии рамки се одвива биотошката репродукција, се задржавме на четири општини кои беа предмет на нашето истражување — во кои доминира македонското население (Кратово, Свети Николе, Струмица и Виница). Преку анкетата која опфати две генерации, наталитетот го посматравме од перспектива на семејниот живот (вредностите и ставовите кои ги застапуваат тие кои ги донесуваат одлуките во областа на репродукцијата), како од аспектот на сегашната состојба така и од аспектот на традицијата и континуитетот.

При анкетирањето — испитувањето на општествената условеност на наталитетот — испитани се ставовите на мажени жени

---

[1] Злата Гребо, Човјек, рађање и друштво, Свјетлост, Сарајево, 1975, стр. 106,107, Ружа Фосит, Сеоска породица данас, Загреб, 1981, стр. 76—78;

(160 со најмалку едно дете) за идеалната големина на семејството, како и за саканата големина на семејството. Овие податоци се споредени со вистинската големина на семејството, со бројот на живородените деца и бројот на децата во времето на анкетирањето, за да се утврдат разликите и за да би се побарале причините кои довел до тие разлики. Исто така се добиени податоци за ставовите на младата генерација преку испитувањето на младите (160) во последниот клас на средното училиште. Ставовите на младите за идеалниот и саканиот број деца во своето семејство овозможува споредби и воочување на промените меѓу генерациите, поаѓајќи од фактот дека нивните ставови се предодредени од една страна од некои социодемографски карактеристики на самата младина и од друга страна од домаќинствата во кои младите живеат.

### *Идеален, остварен и сакан број деца*

Според добиените резултати 50% испитаници имаат три и повеќе деца, а 48% смета дека тој број претставува и нивна сакана големина на семејството. Спротивно од тоа близу 68% од анкетираните жени изјавуваат дека идеалниот број деца во семејството треба да биде три и повеќе деца (често пати е истакнато, а и сега се потврдува дека со порастот на возраста на жената, во претставите на жените расте и бројот на децата за идеалната големина на семејството. Во таа смисла и треба да се сфатат ставовите на анкетираните жени кои веќе се мајки на барем едно дете од околу 18 години).

Констатиравме дека репродуктивното однесување на родителите забележително се разликува од поведението на нивните деца. Додека просечниот број деца кои го имаат мајките изнесува 5,3 при што 64% мајки родиле 5 и повеќе од 5 деца, нивните ќерки имаат во просек многу помалку деца, 2,9 а само околу 11% имаат 5 и повеќе деца. Додека за мајките идеалниот просечен број деца е 3,0 а остварениот просечен број деца во сопственото семејство 2,9, за нивните ќерки идеален просечен број деца е 2,3 а саканиот број 2,2. Ако пак правиме споредба меѓу трите генерации за кои добивме податоци преку анкетирањето — значи ако го следиме континуитетот низ три генерации констатираме дека, додека во

I генерација мајките имале во просек 5,3 живородени деца
II генерација мајките во просек родиле 3,1 деца, а во
III генерација идните мајки би сакале да имаат 2,2 деца.

Во однос на бројот на децата во сопственото семејство може да се следи истата линија па да се констатира дека, додека во

првата генерација најголем процент се однесува на мајките кои родиле повеќе од 6 деца, во втората генерација доминираат жените кои родиле две деца и три деца, додека третата генерација се изјаснува во најголем број (повеќе од две третини) за две деца.

ТАБЕЛА 1

Број на деца во семејството (во%)

| Број на деца | I генерација | II генерација | III генерација |
|---|---|---|---|
| 1 дете | 1,3 | 0,6 | 4,76 |
| 2 деца | 7,7 | 41,8 | 73,22 |
| 3 деца | 13,5 | 28,5 | 20,24 |
| 4 деца | 14,8 | 13,3 | 1,78 |
| 5 деца | 20,6 | 7,6 | — |
| 6 деца | 14,3 | 4,4 | — |
| Повеќе | 27,3 | 3,8 | — |

Можеме да констатираме дека репродуктивното поведение на родителите како најнепосреден влијателен фактор на традицијата, нема поголемо значење. Сепак, продлабочена анализа на добиените податоци покажува дека делувањето на високиот наталитет во минатото, сепак, е присутно и како фактор на релативно високиот наталитет во просек во сегашноста и како таков тој делува врз репродуктивното поведение на сопрузите што се согледува во релативно големиот процент на семејства со две деца, три деца, па и четири деца. Влијанието на традицијата е послабо кога се во прашање претставите за идеална големина на семејството на идните мајки (тие се определуваат најмногу за две деца, но и за три деца, иако во многу помал број).

Резултатите на испитувањето на ставовите на жените, на социјалните норми за големината на семејството и за предностите и условите кои во животот ги донесуваат децата покажува дека ставовите влијаат врз висината на наталитетот. Претставата за идеалниот број деца во семејството 3,0 или за саканиот број деца при склучувањето на бракот 2,8 вклучува нешто помал број деца од тој број кој жената родила (3,1). Таа разлика е уште поголема ако се спореди ставот за идеалниот број во семејството (3,0) и саканиот број деца во семејството со оглед на условите во кои семејството живее (2,4). Тоа значи дека ставовите за големината на семејството не се јавуваат како стимуланс за релативно високиот наталитет во испитаните општини.

ТАБЕЛА 2

Просечен број живородени деца во семејството, сака и идеален број деца во анкетираните општини

| Општина | Број на деца во семејството | Број на живородни деца | Број на сакани деца во семеј. при склопување на бракот | | Идеален број деца во семејството | Број живородени деца на мајката | Стапка на наталитет | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | при склопување на бракот | при сегашни услови | | | 1961 | 1981 |
| Струмица | 2,4 | 2,8 | 2,7 | 2,5 | 3,1 | 5,2 | 27,9 | 21,2 |
| Виница | 3,2 | 3,3 | 3,0 | 2,5 | 2,8 | 5,4 | 29,7 | 19,5 |
| Св. Николе | 2,9 | 3,4 | 2,8 | 2,4 | 2,7 | 4,7 | 23,5 | 17,1 |
| Кратово | 3,9 | 3,0 | 2,8 | 2,3 | 2,7 | 5,8 | 25,7 | 16,7 |
| Општ просек | 2,9 | 3,1 | 2,8 | 2,4 | 3,0 | 5,4 | 28,2 | 20,6 |

Ставовите на најголемиот број анкетирани жени дека предностите кои ги донесуваат децата се поголеми од тешкотиите, како и сфаќањето дека во раѓањата и подигнувањето на децата се наоѓа смислата на животот и основната цел на бракот и семејството, исто така делува стимулативно и врз социјалната норма за големината на семејството. Спротивно на тоа, како негативни фактори кои делуваат врз снижувањето на нормата за големината на семејството и врз висината на наталитетот се јавуваат ставовите на најголемиот број анкетирани дека главните тешкотии во подигнувањето на децата се од материјална природа и дека тие се поголеми од материјалните предности кои се очекуваат од децата. Во таа смисла и можат да се сфатат определбите на анкетираните жени за помал број деца при сегашни услови за живеење (за две деца се определуваат најголем процент) во однос на идеалниот број деца (кога најголем процент се определуваат за три деца).

## ТАБЕЛА 3

Процент на живородени деца, деца во семејството, сакан и идеален број деца

| Број деца на 1 жена | Живородени деца | Деца во семејството | Сакан број деца при склопување брак | Сакан бр. деца во сопственото семејство со оглед на условите за живот | Идеален број деца | Живородени деца на мајката |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9,6 | 1,3 | 0,7 | 7,2 | 1,7 | 1,3 |
| 2 | 41,8 | 48,8 | 51,3 | 48,2 | 30,9 | 7,7 |
| 3 | 28,5 | 26,3 | 31,6 | 36,9 | 53,9 | 13,5 |
| 4 | 13,3 | 12,8 | 8,6 | 5,9 | 11,2 | 14,8 |
| 5 | 7,6 | 7,0 | 2,6 | 0,6 | 1,1 | 20,6 |
| 6 | 4,4 | 2,6 | 2,6 | 0,6 | 1,1 | 14,3 |
| 7 и повеќе | 3,8 | 1,3 | 2,7 | 0,6 | — | 27,3 |

Неоспорно, на овие релации и под влијанието на изнесените сфаќања се создаваат претставите за саканиот број деца во семејството на младата генерација што постепено и доведува до опаѓање на наталитетот кај македонската популација.

Табела 4. — Идеален и сакан број деца кај младата генерација и нивните мајки

| Број деца на 1 жена | Идеален број деца | Сакан број деца кај младите и живородени на нивните мајки |
|---|---|---|
| 1 Младата генерација | 4,6 | 4,8 |
| Нивните мајки | 1,7 | 0,6 |
| 2 Младата генерација | 66,9 | 73,2 |
| Нивните мајки | 30,9 | 41,8 |
| 3 Младата генерација | 25,0 | 20,2 |
| Нивните мајки | 53,9 | 28,5 |
| 4 Младата генерација | 3,5 | 1,8 |
| Нивните мајки | 11,2 | 13,3 |
| 5 Младата генерација | — | — |
| Нивните мајки | 1,1 | 7,6 |
| 6 Младата генерација | — | — |
| Нивните мајки | 1,1 | 4,4 |
| 7 и Младата генерација | — | — |
| повеќе Нивните мајки | — | 3,8 |

*Ставови за големината на семејството и занимањето*

И со нашето истражување се потврдуваат разликите во природната репродукција со оглед на социјалната припадност. Така, при анкетираните жени, домаќинки најмногу родиле три деца (32,6%), жените земјоделки уште во поголем поцент родиле 3 деца (66,7), жените работнички во најголем процент (64,7) родиле две деца, а жените службенички во 92,3% родиле две деца. Резултатите покажуваат дека со порастот на социјалниот статус, во однос на поделбата на физички и умствен труд, односно на квалификуван и неквалификуван труд, наталитетот опаѓа.

ТАБЕЛА 5

Живородени деца во однос на занимањето на мајката (во %)

| Занимање | Број на деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Домаќинка | — | 20,6 | 32,6 | 20,6 | 13,0 | 6,6 | 6,6 |
| Земјоделка | — | 16,7 | 66,7 | — | — | 16,7 | — |
| Работничка | 2,9 | 64,7 | 26,5 | 5,9 | — | — | — |
| Службеничка | — | 92,3 | 7,7 | — | — | — | — |
| Општ просек | 0,6 | 41,8 | 28,5 | 13,3 | 7,6 | 4,4 | 3,8 |

ТАБЕЛА 6

Идеален број деца во однос на занимањето на мајката (во %)

| Занимање | Број на деца на една жена | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Домаќинка | 2,8 | 35,3 | 42,9 | 15,2 | 1,9 | 1,9 |
| Земјоделка | — | 28,6 | 57,1 | 14,3 | — | — |
| Работничка | — | 22,2 | 69,4 | 8,3 | — | — |
| Службеничка | — | 23,1 | 76,9 | — | — | — |
| Општ просек | 1,7 | 30,9 | 53,9 | 11,2 | 1,1 | 1,1 |

ТАБЕЛА 7

Саканиот број деца при склучувањето брак со оглед на занимањето на мајката (во %)

| Занимање | Број на деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Домаќинка | 1,0 | 44,0 | 29,7 | 14,3 | 3,3 | 4,4 | 3,3 |
| Земјоделка | — | 33,3 | 66,7 | — | — | — | — |
| Работничка | — | 61,5 | 34,6 | — | 3,8 | — | — |
| Службеничка | — | 76,9 | 23,1 | — | — | — | — |
| Општ просек | 0,7 | 51,3 | 31,6 | 8,6 | 2,6 | 2,6 | 6,0 |

## ТАБЕЛА 8

Саканиот број деца со оглед на сегашните услови со оглед на занимањето на мајката (во %)

| Занимање | Број деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Домаќинка | 6,0 | 47,5 | 35,3 | 8,2 | 1,0 | 1,0 | 1,0 |
| Земјоделка | 16,7 | 50,0 | 33,3 | — | — | — | — |
| Работничка | 8,6 | 54,3 | 34,3 | 2,8 | — | — | — |
| Службеничка | 7,2 | 42,8 | 46,4 | 3,6 | — | — | — |
| Општ просек | 7,2 | 48,2 | 36,9 | 5,9 | 0,6 | 0,6 | 0,6 |

Може да се каже дека секој социјален слој е опфатен со демографска транзиција од различен интензитет. Преоадот од неконтролирано раѓање се обавува со делувањето на социјално-економските фактори врз претставите за идеалната големина на семејството и врз формирањето ставови за саканиот број деца. Поправо, различната социјално-економска положба на селанството, работничката клтса и интелигенцијата создава и различни норми за саканата и идеалната големина на семејството, а потоа овие норми непосредно влијаат врз репродуктивното поведение. Во тој поглед анкетното истражување ги покажува следните разлики во однос на живородените деца во семејството, стканиот и идеалниот број деца со оглед на занимањето на мајката.

## ТАБЕЛА 9

Кросечен број живородени деца, деца во семејството, сакан и идеален број деца со оглед на занимањето на мајката

| Занимање | Просечен број на деца на една жена | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Деца во семејст. | Живородни деца во семејството | Број на сакани деца: При склучување брак | Број на сакани деца: Со оглед на условите | Идеален број деца |
| Домаќинка | 3,3 | 3,9 | 3,0 | 2,5 | 3,7 |
| Земјоделка | 2,8 | 3,3 | 2,6 | 2,2 | 2,6 |
| Работничка | 2,4 | 2,7 | 2,5 | 2,3 | 2,7 |
| Службеничка | 2,2 | 2,3 | 2,2 | 2,5 | 2,8 |
| Општ просек | 2,9 | 3,1 | 2,8 | 2,4 | 3,0 |

Различните социјални слоеви како што се разликуваат по нивото на наталитетот имаат и различни норми за големината на семејството при што забележуваме три различни тенденции[2] во односите меѓу стварниот, саканиот и идеалниот број деца во семејството: а) селаните како високонаталитетен социјален слој, посебно во минатото, имаат поголем број деца отколку што би сакале, па дури и поголем отколку што сметаат дека семејството треба да го има; б) работничките и службеничките имаат помал број деца од претставата за идеалната големина на семејството, но поголем од саканиот број деца; в) интелигенцијата како нисконаталитетен слој, има помал број деца отколку што би сакала, а самата сака помал број деца отколку што е незјината идеална претстава за големината на семејството.

Фактот дека селаните, работниците и службениците сакаат помалку деца отколку што навистина имаат, спротивно на интелигенцијата која сака повеќе деца отколку што има, зборува дека нивната социјално-економска положба покрај релативно повисок наталитет делува тие да го оценуваат како поголем бројот на децата што го имаат. И нешто повеќе, селанките исклучително сметаат дека и идеалниот број на децата во семејството треба да биде помал од тој кој тие го оствариле. На одреден начин и влијанието на семејните традиции во остварената големина на семејството влијае на сите социјални слоеви како врз висината на наталитетот, така и врз номите за саканиот и идеалниот број деца. Тоа значи дека животниот стандард делува стимулативно на ставовите за саканиот број деца, а семејната традиција во раѓањето стимулативно врз вистинскиот број деца и врз нормите за идеалната големина на семејството. Влијанието на првиот фактор доаѓа до израз како стимулативно кај интелигенцијата, а влијанието на другиот кај селаните, работниците и службениците.

### *Ставови за големината на семејството и образованието*

Емпириските истражувања и теоретските воопштувања докажуваат дека постои корелациона врска меѓу образованието и наталитетот, дека образованието се јавува како еден фактор во комплексот фактори, или како показател на делувањето на низа други фактори.

Образованието е суштински, но сепак само еден елемент на културното ниво на поединецот, социјалниот слој, односно општествената заедница како целина. Од друга страна образованието не делува непосредно врз висината на наталитетот, туку преку низа други фактори, пред сè преку усвоениот и развиениот систем на

[2] На ваков начин ги изнесува овие тенденции Злата Гребо во споменатата книга, стр. 173, 174;

вредности во кои нормите за големината на семејството (идеална, сакана и планирана во однос на остварените) има одлучувачко влијание. Образованието, впрочем, се јавува како последица на социјалната припадност, и обратно, како синтетички показател на вкупната економска и социјална положба на одделните социјални групи, домаќинства, односно поединци.

Табела 10

Живородени деца во однос на образованието на мајката (во %)

| Школска подготовка | Број деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Непотполно основно | 1,0 | 24,5 | 31,6 | 19,4 | 12,5 | 6,1 | 5,2 |
| Ссновно образ. | — | 45,8 | 37,5 | 8,3 | — | 4,2 | 4,2 |
| Средно образ. | — | 82,7 | 17,3 | — | — | — | — |
| Више и високо | — | 100 | — | — | — | — | — |
| Општ просек | 0,6 | 41,8 | 28,5 | 13,3 | 7,6 | 4,4 | 3,8 |

ТАБЕЛА 11

Идиален број деца во однос на образованието на мајката (во %)

| Образование | Број деца на една жена | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 и повеќе |
| Непотполно основно | 2,7 | 33,9 | 44,6 | 15,2 | 1,8 | 1,8 |
| Средно | — | 26,7 | 73,3 | — | — | — |
| Више и високо | — | — | 100 | — | — | — |
| Општ просек | 1,7 | 30,9 | 53,9 | 11,2 | 1,1 | 1,1 |

ТАБЕЛА 12

Саканиот број деца при склучување брак со оглед на образованието на мајката (во %)

| Школска подготовка | Број деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Непотполно основно | 2,1 | 40,9 | 34,4 | 12,9 | 4,3 | 2,1 | 5,3 |
| Основно образ. | — | 54,5 | 31,8 | 4,5 | — | 9,1 | — |
| Средно образ. | — | 75,9 | 24,1 | — | — | — | — |
| Више и високо | — | 75,0 | 25,0 | — | — | — | — |
| Општ просек | 0,7 | 51,3 | 31,6 | 8,6 | 2,6 | 2,6 | 2,7 |

ТАБЕЛА 13

Саканиот број деца со оглед на сегашните услови со оглед на образованието на мајката (во %)

| Школска подготовка | Борј деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 и повеќе |
| Непотполно основно | 8,5 | 44,3 | 37,7 | 7,5 | 1,0 | — | 1,0 |
| Основно образ. | 8,0 | 64,0 | 20,0 | 4,0 | — | 4,0 | — |
| Средно образ. | 3,3 | 50,0 | 43,3 | 3,4 | — | — | — |
| Више и високо | — | 42,8 | 57,2 | — | — | — | — |
| Општ просек | 7,2 | 48,2 | 36,9 | 5,9 | 0,6 | 0,6 | 0,6 |

Наведените податоци покажуваат дека жените со непотполно и основно образование во најголем процент родиле по три и четири деца, додека само мал процент од жените со високо образование воопшто не родиле три деца.

Меѓутоа, споредбената анализа на податоците на бројот на живородените деца со бројот на саканите, а посебно со иделниот број деца во семејството, покажува дека оваа тенденција на опаѓање на наталитетот со порастот на образованието нема траен карактер. Имено, жените со непотполно образование сакале помал број деца (3,0) отколку што имаат (3,3), а нивните норми за идеалната големина на семејството се уште помали (2,8). Поаѓајќи од реалната ситуација во исто време тие сметаат дека саканиот број деца (2,5) треба да биде помал од вистинскиот (3,3). Спротивно на нив жените со средно образование како и жените со виша школа и факултет сметаат дека саканиот број деца треба да биде поголем од остварениот, а идеалната големина на семејството уште поголема.

ТАБЕЛА 14

Просечен број деца, сакан и идеален број деца со оглед на образованието на мајката

| Школска подготовка | Просечен број деца на една жена | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на деца во семејството | Живородени деца | Број на живородени деца во семејството: При скл. брак | Број на живородени деца во семејството: Во сегашни услови | Идеален број деца во семејството |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Непотополно основно образование | 3,3 | 3,5 | 3,0 | 2,5 | 2,8 |
| Основно образ. | 2,5 | 2,9 | 2,8 | 2,4 | 2,8 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно образ | 2,1 | 2,2 | 2,2 | 2,5 | 3,1 |
| Вишо и високо образование | 2,0 | 2,0 | 2,2 | 2,6 | 3,2 |
| Општ пресек | 2,9 | 3,1 | 2,8 | 2,4 | 3,0 |

Доколку расте школската подготовка, дотолку расте и разликата меѓу остварениот и идеалниот број деца. Според тоа, спротивно на нискиот наталитет на жените со средно и високо образование, нивните желби и норми за големината на семејството покажува дека во далечна иднина може да се очекува зголемување на наталитетот на жените со средно и високо образование и тоа над простата репродукција. Во исто време, со описменувањето на жените и нивното пошироко опфаќање со основното образование, може да се очекува и натамошно опаѓање, на инаку релативно нискиот наталитет на жените во овие образовни групи.

### *Ставовите за големината на семејството со оглед на местото на живеење*

Промените во висината на наталитетот на една популација се поклопуваат со промените на социопрофесионалните, образовите, па меѓу другите и со резиденцијалните белези. Имајќи го предвид местото на живеење, село-град, можеме да констатираме дека во изменети општествени и економски услови и селското население развива еден нов „модел" на својата репродукција кој се карактеризира со ниски наталитетни стапки и доминација на семејства со помал број деца. Нашето истражување покажа дека од анкетираните жени во град најголем број од нив 50,4% имаат по 2 деца, додека жените од село во најголем процент 31,9 имаат по три деца.

ТАБЕЛА 15

Живородени деца во однос на местото на живеење на мајката

| Место на живеење | Број деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Село | — | 21,4 | 31,9 | 14,9 | 10,6 | 10,6 | 10,6 |
| Град | 0,9 | 50,4 | 27,0 | 8,8 | 6,4 | 1,8 | 0,9 |
| Општо просек | 0,6 | 41,8 | 28,5 | 13,3 | 17,6 | 4,4 | 3,8 |

ТАБЕЛА 16

Идеален број на деца во однос на местото на живеење на мајката (во %)

| Место на живеење | Број деца на една жена | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Село | 1,7 | 29,3 | 48,3 | 19,0 | 1,7 | — |
| Град | 1,7 | 31,7 | 56,7 | 7,5 | 0,8 | 1,7 |
| Општо просек | 1,7 | 30,9 | 53,9 | 11,2 | 1.1 | 1,1 |

ТАБЕЛА 17

Саканиот број деца при склучување брак со оглед на местото на живеење на мајката

| Место на живеење | Број деца на една жена | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Село | 2,0 | 42,9 | 28,6 | 14,3 | — | 6,1 | 4,1 | 2,0 |
| Град | — | 55,3 | 33,0 | 5,8 | 39,0 | 1,0 | 1,0 | — |
| Општ просек | 0,7 | 51,3 | 31,6 | 8,6 | 2,6 | 2,6 | 2,0 | 0,7 |

ТАБЕЛА 18

Саканиот број деца со оглед на сегашните услови со оглед на местото на живеење на мајката

| Место на живеење | Број деца на една жена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Село | 7,7 | 46,1 | 36,5 | 7,7 | — | 2,0 | — |
| Град | 6,8 | 49,1 | 37,1 | 5,2 | 0,9 | — | 0,9 |
| Општо просек | 7,2 | 48,2 | 36,9 | 5,9 | 0,6 | 0,6 | 0,6 |

Исто тка, ако го споредиме бројот на живородените деца, саканиот и идеалниот број деца на анкетираните, жените со оглед на местото на живеење можеме да констатираме дека селската жена преферира помал број деца (3,2) отколку што родила (3,9), а во нејзините услови за живеење би сакала уште помал број деца 2,5). Кај градската жена разликата меѓу идеалниот број деца 2,7), саканиот во сопственото семејство (2,4) и остварениот (2,6) е многу помала. Инаку, земено во целина разликите меѓу нормите на селските и градските жени се значителни. Секако, дека тие разлики се во согласност со нивните услови за живеење и особено со можностите за подигнување на децата кои им стојат на располагање.

ТАБЕЛА 19

Просечен број живородени деца, сакан и идеален број деца со оглед на местото на живеење на мајката

| Место на живеење | Просечен број деца на една жена | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Деца во семејството | Живородени деца | Број на сакани деца: При склуч. брак | Број на сакани деца: Во сегашни услови | Идеален број деца во семејството |
| Село | 3,4 | 3,9 | 3,1 | 2,5 | 3,2 |
| Град | 2,6 | 2,8 | 2,6 | 2,4 | 2,7 |
| Општ просек | 2,9 | 3,1 | 2,8 | 2,4 | 3,0 |

*Ставови за големината на семејството и младата генерација*

Младата генерација во најголем процент (66,9) се определува за две деца при што нема голема разлика меѓу машките и женските. Меѓутоа, (и кај нив) идеалниот број е помал од саканиот број деца во сопственото семејство. Во днос на сопственото семејство при определувањето за две деца има разлика меѓу машките и женските во смисла што поголем број девојки се определуваат за две деца а помалку за едно дете, додека машките во поголем процент се определуваат за три, но и за едно дете.

ТАБЕЛА 20

Идеален и сакан број деца кај младата генерација

| Број деца на една жена | | Идеален број деца | Сакан број деца | Број на живородени деца на нивните мајки | Идеален број деца за нивните мајки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Вкупно | 4,6 | 4,8 | | |
| | Машки | 6,9 | 6,8 | 0,6 | 1,7 |
| | Женски | 2,4 | 2,5 | | |
| 2 | Вкупно | 66,9 | 73,2 | | |
| | Машки | 65,2 | 68,3 | 41,8 | 30,9 |
| | Женски | 68,7 | 78,7 | | |

| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Вкупно | 25,0 | 20,2 | | |
| | Машки | 24,7 | 21,6 | 28,5 | 53,9 |
| | Женски | 25,3 | 18,7 | | |
| 4 | Вкупно | 3,5 | 1,8 | | |
| | Машки | 3,4 | 3,4 | 13,3 | 11,2 |
| | Женски | 3,6 | — | | |
| 5 | Вкупно | — | — | | |
| | Машки | — | — | 7,6 | 1,1 |
| | Женски | — | — | | |
| 6 | Вкупно | — | — | | |
| | Машки | — | — | 4,4 | 1,1 |
| | Женски | — | — | | |
| 7 | Вкупно | — | — | | |
| | Машки | — | — | 3,8 | — |
| | Женски | — | — | | |

Репродуктивното однесување на сегашната генерација на младите секако дека е условено од економскиот статус на семејството, но и поради вонсемејните активности и одземањето време тие се определуваат за помал број деца.

ТАБЕЛА 21

Причини за определување за едно или две деца кај младата генерација во %)

| | |
|---|---|
| Материјалните услови | 50,9 |
| Здравствени причини | 6,1 |
| Вонсемејни активности | 11,6 |
| Немањето доволно време за посветување на децата | 11,0 |
| Нешто друго | 20,4 |

Тоа значи дека младите се повеќе покажуваат склоност кон создавање на ставови спрема сопствените опсервации и критериуми, се помалку земајќи ја предвид традицијата во тој поглед па и вредностите на урбаната средина.

## СЕМЕЈСТВОТО, НЕГОВИОТ ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ И СТАВОТ СПРЕМА ДЕЦАТА

Се разбира дека не само ставовите за големината на семејството, туку и други ставови на жените во врска со одлуките за раѓање и важноста на децата имаат влијание врз репродуктивното однесува на испитаната популација.

Истражувањата покажуваат дека репродуктивната функција на семејството е високо ценета — што е во согласност со раширеното сфаќање дека склучувањето на бракот и основањето на семејството се една од темелните вредности на нашата средина. Нормата дека децата се една од претпоставките за посреќен семеен живот, дека во раѓањето и подигањето на децата лежи смислата на животот и основната цел на бракот е задржана во сфаќањето дека предностите кои ги донесуваат децата се поголеми од тешкотиите. Анкетираните жени во 36,1% им даваат предност на раѓањето и подигањето на децата пред тешкотиите кои тие ги донесуваат, додека 60,8% од мајките сметаат дека радостите и потешкотиите се подеднакви, а само 3.1% сметаат дека дешата претставуваат тешкотија во нивниот живот.

Во таа смилса и треба да се сфати дека ставовите за важноста на децата, бракот и семејството се значајни за нивото на плодноста на нашето население. Така, на прашањето дали децата се најважната функција на бракот дури 75,5% од анкетираните мајки сметаат дека децата се најважната функција на бракот додека само 1,9% сметаат дека децата воопшто не се неопходни за среќен брак, а 22,6% сметаат дека децата се само една од функциите на бракот.

Меѓутоа, различни оценки за важноста на децата за бракот забележуваме ако го имаме предвид занимањето и школската подготовка на анкетираните жени. Така за жената земјоделка и домаќинка во поголема мера децата се најважната функција на бракот, додека службеничките во многу поголем првцент од другите жени се определуваат за ставот дека децата се само една од функциите на бракот и дека дури децата и не се неопходни за бракот. Меѓу жените со непотполно основно и основно образование најголем е процентот кој многу високо го ценат значењето на децата за бракот.

ТАБЕЛА 22

Важноста на децата за бракот со оглед на занимањето на мајката

| Деца за бракот се | Земјоделка | Работничка | Службеничка | Домаќинка |
|---|---|---|---|---|
| — најважна функција | 87,5 | 76,3 | 60,0 | 84,1 |
| — само една од функциите | 12,5 | 21,1 | 36,7 | 14,8 |
| — не се неопходни | — | 2,6 | 3,3 | 1,1 |

ТАБЕЛА 23

Важноста на децата за бракот со оглед на школската подготовка на мајката

| Деца за бракот се | Земјоделка | Работничка | Службени-чка | Домаќинка |
|---|---|---|---|---|
| — најважна функција | 84,4 | 79,2 | 65,6 | 50,0 |
| — само една од функциите | 17,6 | 20,8 | 31,0 | 50,0 |
| — не се неопходни | | | 3,4 | |

Покрај сфаќањето за предноста на семејствата за деца кои ги искажува биолошките и емоционалните мотиви се забележуваат и други мотиви како очекуваната помош во староста и поделбата на животните проблеми. Може да се констатира дека кај анкетираните мајки скоро во подеднаква мера се застапени сфаќањата според кои поголемиот број деца придонесува за поголема радост (40,6%) или за подршка во староста (38,2), а само 3,8% се определуваат за ставот дека поголемиот број деца придонесуваат за поделба на животните проблеми. Сфаќањето дека децата само во 38,2% претставуваат подршка во староста е индикатор за изменетата содржина на очекуваната помош од децата во староста во однос на претходните норми во патријахалното семејство, особено во руралните и аграрните средини. Овој заклучок се потврдува и со различните тенденции во очекувањето на подршка во староста на жените земјоделки или службенички или на жените со основно и више образование. Така со оглед на занимањето на мајката констатираме дека за жените службенички во најголем процент поголемиот број деца придонесуваат за поголема радост, додека најмногу подршка во староста од нив очекуваат жените земјоделки. Ваквото очекување секако дека произлегува од фактот што семејствата со помал приход како придонес за семејството ја нагласуваат помошта во староста.

ТАБЕЛА 24

Придонесот на поголемот број деца со оглед на занимањето на мајката

| Децата придонесуваат за | Земјоделка | Работничка | Службени-чка | Домаќинка |
|---|---|---|---|---|
| — Поголема радост | 43,0 | 48,8 | 51,7 | 33,7 |
| — поделба на животни проблеми | — | 5,1 | 10,3 | 10,5 |
| — подршка во старост | 57,0 | 35,9 | 31,1 | 40,0 |
| — нешто друго | — | 10,2 | 6,9 | 15,8 |

Бракот и семејството се најмали асоцијации на човекот во кои, меѓу луѓето, се донесуваат и се остваруваат одлуките за бројот на децата во едно семејство кои брачните парови сакаат да го имаат. Оттука, бројот на децата во едно семејство во значајна мера зависи од неговата организација, функциите кои ги врши, составот на неговите членови и нивниот систем на вредности, поширокта средина на која припаѓаат, социјалните и економските услови во кои егзистираат и друго.[3] Со проширувањето на образованието и со порастот на еманципацијата се поголем број жени усвојуваат нови вредности и го прошируваат својот интерес вон доменот на семејниот живот. И резултатите на нашето истражување (како и другите истражувања во Југославија) тоа го потврдуваат. На прашањето „Кои задоволства имаат за вас најголема важност", половината (51%) се изјасниле за семејството, а другата половина (49%) сметаат дека семејството и останатите активности (професијата и другите општествени активности) се исто толку важни за нивното задоволство. Одговорите на ова прашање се различни ако се има предвид школската подготовка на анкетираните жени. Жените со непотполно основно образование во најголема мера му даваат предност на семејството. Со порастот на образованието оваа пропорција се намалува, па жените со вишо и високо образование подеднаква важност им придаваат на задоволствата кои произлегуваат и од семејството и активностите вон семејството. (Карактеристично е дека ниту една жена не им дала предност на активностите вон семејството!)

ТАБЕЛА 25

Кои задоволства имаат за ваз поголема важност со оглед на школската подготовка на мајката

| | Непотполно основно | Основно | Средно | Вишо и високо |
|---|---|---|---|---|
| Од семејството | 59,6 | 37,5 | 30,7 | — |
| Од професијата и општествената активност | — | — | — | — |
| Од двете | 39,4 | 62,5 | 69,2 | 100 |
| Без одговор | — | — | — | — |

[3] Варијабле ниског фертилетета становништва и намерни абортуси у САП Војводини, Београд, 1978, стр. 66;

Добиените резултати покажуваат дека вредностите на семејството се високо ценети и дека задоволствата кои можат да ги пружи професијата и општествената активност немаат предност над нив.

Кај младата генерација, поправо кај анкетираните девојки наоѓаме еден друг распоред на одговорите. Тие во помал број од мајките (30,0%) се определуваат за семејството, а во многу поголема бројка (65%) подеднаква важност му придаваат и на семејството и на професијата и општествените активности. Кај младинките дури и 5,0% им даваат предност на вонсемејните активности.

ТАБЕЛА 26

Кои задоволства за вас имаат поголема важност?

| | Младинки | Мајките |
|---|---|---|
| Од семејството | 30,0 | 51,0 |
| Од професијата | 5,0 | — |
| Од двата вида | 65,0 | 49,0 |

Иако овие резултати самите не можат да се поврзат со репродуктивното однесување на анкетираните жени сепак можеме да претпоставиме дека во случај на делување и на други фактори овие сфаќања можат да се третираат како фактори кои ќе го намалуваат наталитетот на испитаното подрачје.

За да ја оцениме важноста на децата за срекниот семеен живот го поставивме прашањето за потребниот број деца за срекниот семеен живот. Жените мајки во ист процент се определуваат за три, четири и повеќе деца (28,9%) и за едно или две деца (28,3) како услов за срекен семеен живот, а 42,1% сметаат дека срекниот семеен живот не зависи од бројот на децата. И во овој случај наидуваме на различни ставови во зависност од школската подготовка на жената. За три и повеќе деца како услов за срекен семеен живот најмногу се определуваат жените со непотполно образование, а најмалку жените со вишо и високо образование. За едно или две деца како услов за срекен семеен живот најмногу се определуваат жените со средно и основно образование — а за ставот дека срекниот семеен живот не зависи од бројот на децата во најголем процент се определуваат жените со вишо и високо образование.

Натпросечното прифаќање на нормата за големиот број деца постои меѓу жените со најслабо образование. Меѓутоа, треба да се каже дека нормата на големиот број деца е пронајдена и во стопански и културно развиените средини и кај жените кои се лично еманципирани, на пример факултетски образовани жени кои ја преферираат оваа норма во 44,3% случаи. Затоа, и се поставува прашањето дали овој став кај нив има традиционално значење или,

можеби, на одредениот ниво на развојот и лична афирмација, поголемиот број деца почнува да се јавува во функција на други вредности (сталешко потврдување, самоактуализација, општа активност итн.).

ТАБЕЛА 27

Што мислите колку деца се потребни за среќен семеен живот со оглед на школската подготовка

| | Непотполно основно | Основно | Средно | Вишо и високо |
|---|---|---|---|---|
| Три и повеќе деца | 36,4 | 16,7 | 17,2 | 14,3 |
| Едно или две деца | 27,3 | 33,3 | 34,5 | — |
| Не зависи од децата | 35,3 | 50,0 | 48,3 | 85,7 |
| Без одговор | — | — | — | — |

Уште поизразени се ставовите за бројот на децата како услов за среќен семеен живот кај младата генерација. Девојките во поголем процент (57,7) се определуваат за ставот дека среќниот семен живот не зависи од бројот на децата — во поголем процент (32,2) се определуваат за едно или две деца, а во многу помал процент (10%) за три и повеќе деца како услов за среќен семеен живот.

ТАБЕБЛА 28

Што мислите, колку деца се потребни за среќен семеен живот?

| | Мајки | Девојки |
|---|---|---|
| Три, четири и повеќе | 28,9 | 10,0 |
| Едно или две | 28,3 | 32,2 |
| Не зависи од децата | 42,1 | 57,7 |
| Без одговор | 0,7 | — |

Разликите на ставовите како меѓу генерациите така и меѓу самите жени со оглед на нивото на образованието се мошне упадливи и тие ќе бидат секако причина која ќе влијае врз разликите во нивото на плодноста.

Колку репродуктивната функција е високо ценета може да се констатира и од фактот дека во анкетата најголемиот број жени зазеле став дека брачните парови треба да ги остваруваат своите желби и покрај тоа што сите неопходни услови од материјална природа не ги оствариле Во таа смисла, за ставот дека брачните парови треба да ги остварат своите желби за бројот на децата иако немаат услови за тоа се определиле 70,1% анкетирани жени. Анкетираните девојки, идни мајки во многу помал процент (58,6%) го прифаќаат овој модалитет. Фактот дека скоро половината од

младинките не ја прифаќаат оваа варијанта укажува дека во иднина овој став ќе влијае врз одлагањето на остварување на ставовите во смисла на временското одлагање на остварување на бројот на деца кои сакаат да ги имаат.

ТАБЕЛА 29

Дали да се остваруваат желбите за бројот на децата иако нема услови за тоа?

| | Девојки | Мајки |
|---|---|---|
| Да | 58,6 | 70,1 |
| Не | 41,4 | 29,9 |

Иако репродуктивната функција на бракот е високо ценета, во исто време, ставот за малиот број деца како услов за среќен семеен живот може да се констатира и од различните сфаќања за можностите за развојот на децата во семејството. На прашањето дали едно дете има услови за среќен развој анкетираните жени потврдно одговараат во 56,7% а само 23,3% негативно. Голема разлика која веќе зборува за тенденциите во развојот на наталитетот, може да се согледа ако кажеме дека младинките се изјаснуваат дури во 80% потврдно, а негативно 4,4%.

ТАБЕЛА 30

Дали едно дете има услови за среќен семеен развој?

| | Мајки | Младинки |
|---|---|---|
| Да, има услови | 56,7 | 80,0 |
| Не, нема услови воопшто | 23,3 | 4,4 |
| Не, нема услови за емоционален развој | 15,2 | 8,1 |

Според тоа, раширениот став за големото значење на децата за одржување на бракот, во современите услови за живеење е заменет со ставот за малиот број деца како услов за среќен семеен живот (едно до две).

Имајќи ги предвид предностите и тешкотиите кои ги создава раѓањето и подигањето на децата, анкетираните жени ги истакнуваат поволните материјални услови во кои семејството живее, како значајна(па дури и основна) претпоставка за раѓање. Жените-мајки со своите одговори уште еднаш потврдија дека материјалниот фактор е мошне значаен при донесувањето и реализирањето на одлуката за раѓање. Во одговорот на прашањето ако имаат едно или две деца, зошто не родиле повеќе жените во 47,4 проценти ги истакнуваат материјалните причини. Но, не помалку значаен е и фактот дека причина за натамошното нераѓање е и тоа дека немало кој да ги чува (39,2%).

ТАБЕЛА 31

Ако имате едно или две деца зошто не сте родиле повеќе?

| | |
|---|---|
| Лични причини | 17,0 |
| Економски причини | 47,8 |
| Немало кој да ги чува | 39,2 |
| Друго | 11,3 |

Исто така, младите сметаат дека материјалните услови (50,9%) се причини за нивното определување за едно или две деца. Во овие релации и под влијанието на сите изнесени сфаќања се создаваат и предусловите за големината на семејството и постепено опаѓа наталитетот кај испитаната популација.

Паралелно со забрзаниот економски развој во нашите каишта доаѓа до опаѓање на наталитетот. За тоа придонесува и развојот на школството, па со право образованието се смета како еден од најважните варијабли на фертилитетот на населението. Промените во репродуктивното однесување, меѓутоа, се резултат и на делувањето на такви фактори како што се економската положба на семејството, културното ниво на средината, занимањето на жената и други.

## ПРИЧИНИ ЗА ОПАЃАЊЕ НА НАТАЛИТЕТОТ

Желбата на родителите на своите деца да им обезбедат што подобри материјални и други животни услови како во сегашноста така и во иднината наведува на заклучокот дека наталитетот и понатаму ќе опадне затоа како што видовме и најчесто цитираната причина која го лимитира наталитетот се однесува на слабите материјални услови кои секако дека и понатаму ќе бидат присутни. Раководени од желбата на своите деца да им пружат се повеќе од благодетите на современото живеење најголемиот број анкетирани жени 59,7% и не жалат што немаат повеќе деца, додека само 25,8% жалат. Интересно е дека со оглед на занимањето на мајките најмалку жалат што немаат повеќе деца земјоделките и домаќинките а најмногу жалат што немаат повеќе деца службеничките.

ТАБЕЛА 32

Дали жалите што немате повеќе деца? (со оглед на занимањето на мајката)

| | Земјоделка | Работничка | Службеничка | Домаќинка |
|---|---|---|---|---|
| Да | 16,7 | 37,5 | 48,2 | 10,5 |
| Не | 83,3 | 50,0 | 37,0 | 71,9 |
| Сеедно | — | 12,5 | 14,8 | 17,5 |

Со оглед нат местото на живеењето многу повеќе жените од село не жалат што немаат повеќе деца за разлика од жените од градот.

ТАБЕЛА 33

Дали жалите што немате повеќе деца? (со оглед на местото на живеење на мјаката)

| | Село | Град |
|---|---|---|
| Да | 9,4 | 31,5 |
| Не | 75,0 | 5,4 |
| Сеедно | 15,6 | 14,1 |

Секако дека една од основните причини за ваквиот став треба да се бара во фактот дека жените во градот или жените службенички имаат посолидна материјална база за одгледување на децата.

Во врска со овие одговори е и ставот на анкетираните за прифаќањето на народната поговорка дали децата претставуваат сиромаштија или богатство на семејството. Со мошне мала разлика анкетираните жени се определуваат за ставот дека децата претставуваат сиромаштија (46,8%), а 45,6% сметаат дека децата се богатство за семејството. И овој пат местото на живеење на мајката придонесува за разлики во тој поглед, така што жените од село во поголем број сметаат дека децата претставуваат сиромаштија, а жените од градот во поголем број се определуваат за ставот дека тие се богатство за семејството.

ТАБЕЛА 34

Која народна поговорка ја прифаќате? (со оглед на местото на живеење на мајката

| Децата се | Село | Град |
|---|---|---|
| Сиромаштија | 54,2 | 43,7 |
| Богатство | 31,2 | 51,8 |
| Нешто друго | 14,6 | 4,5 |

Секако дека промените во структурата на домаќинството, недоволното обезбедување на условите за безгрижниот и сигурниот боравок на децата додека родителите се зафатени, а исто така и зголемените обврски на родителите во поглед на воспитувањето и образованието на децата ги натера мајките во 97,5% да сметаат дека со бројот на децата се зголемуваат и тешкотиите во семејството. Со оглед на определувањата на жените за овие ставови конста-

тираме дека за жените земјоделки тие се најголема тешкотија, што е и разбирливо со оглед на малата или никаква помош што тие ја имаат при одгледувањето на децата.

ТАБЕЛА 35

Дали со бројот на децата се зголемуваат тешкотиите? (со оглед на занимањето на мајката)

| | Земјоделка | Работничка | Службеничка | Домаќинка |
|---|---|---|---|---|
| Да | 100% | 97,1 | 92,3 | 98,7 |
| Не | | 2,9 | 3,7 | 1,3 |

Младата генерација иако со поголем оптимизам гледа на овој проблем со кој дури треба да се соочува и таа во голем процент се определува за ставот дека со бројот на децата се зголемуваат тешкотиите во семејството при што јасно произлегува (со оглед на веќе прифатената традиционална улога на мајката) дека девојките повеќе од момчињата ги увидуваат тешкотиите во тој поглед.

ТАБЕЛА 36

Дали со бројот на децата се зголемуваат и грижите во семејството?

| | Момчиња | Девојки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 82,0 | 95,0 | 88,6 |
| Не | 18,0 | 5,0 | 11,4 |

Затоа меѓу значајните фактори на репродуктивното поведение секако дека е и статусот на жената. Традиционалното општество ја одредува положбата на жената со нејзината улога на мајка, така што дури кога жената станува мајка на повеќе деца таа станува рамноправен член на семејството. Спротивно од тоа, современата жена својот статус и материјалната сигурност може да си ги обезбеди на различни начини: со образованието, професијата, учеството во општествениот и политичкиот живот. Мајчинството останува нејзина „интимна“ улога за која таа може да се одлучи според сопствената желба и значајно е, притоа, дека современата мајка се ограничува на мал број деца. Во најголем број тоа се две деца или дури само едно дете. Современите родители, затоа и немаат токму никаква потреба за поголем број деца, напротив тие имааат и причина да ги имаат во што помал број. Доколку и оценат дека приликите не им се погодни, раѓањето го одлагаат па дури и се одрекуваат од него.

Иако за извесен број луѓе големиот број деца сам по себе значи вредност, мораат да се имаат предвид и некои други фактори, како што се радоста, биолошката и емоционалната вредност, материјалното богатство, поголемиот углед или осигурувањето на

сопствената старост во семејствата со повеќе деца. Вообичаениот голем број деца е општо познат традиционален став. Но, со оглед на реагирањата на анкетираните како валиден индикатор се јавува преферирањето на модерната норма на „малиот број деца“ во семејството, спротивна на преферирањето на традиционалната норма на „големиот број деца“ (видовме дека за мајките идеалниот просечен број деца е 2,96, а остварениот просечен број деца е 2,90, додека за нивните ќерки — идни мајки — идеалниот просечен број деца е 2,30, а саканиот број (2,16).

Може да се констатира дека нормата на малиот број деца се повеќе станува доминантна меѓу македонските жени, односно дека најголемиот број жени се противат на традиционалната норма на „големиот број деца“. (Меѓутоа, исто така видовме и дека во сите делови на женската популација „нормата на малиот број деца“ не е рамномерно прифатено). Во резултатите на едно истражување спроведено од страна на Институтот за социјална политика од Белград[4] се изнесува дека „нормата на големиот број деца“ и „нормата на малиот број деца“ различно се распоредени во културно-историските региони на нашата земја.

ТАБЕЛА 37

Регионалната припадност и преференцијалните ставови за бројот на децата во %)

| Република Покраина | „Норма на големиот број деца“ | „Мешан тип“ | „Норма на малиот број деца“ |
|---|---|---|---|
| Црна Гора | 37 | 20 | 43 |
| Косово | 26 | 22 | 52 |
| Босна и Херцеговина | 25 | 17 | 58 |
| Србија | 21 | 14 | 65 |
| Македонија | 20 | 23 | 57 |
| Хрватска | 18 | 19 | 63 |
| Словенија | 10 | 18 | 72 |
| Војводина | 9 | 13 | 78 |
| Југославија (просек) | 21 | 18 | 61 |

Од табелата може да се види дека меѓу анкетираните жени од сите региони на земјата приврзаниците на „нормата на големиот број деца“ се во малцинство. Проширеноста на „нормата на го-

[4] „Породичне карактеристике и вредности као оквир праксе планирања породице“, Београд, 1979, стр. 60, чии автори се Весна Пешиќ и д-р Драгомир Пантиќ;

лемиот број деца“ е дотолку поголема доколку регионот е стопански и културно послабо развиен и доколку наталитетот е поголем. Јасно се гледа дека и од ова истражување дека жените од Македонија ја прифаќаат „нормата на малиот број деца“ во 57% што сепак е малку под југословенскиот просек, а доста заостанува зад Војводина, Словенија, Србија и Хрватска „Нормата“ на „големиот број деца“ е преферирана во 20% со што жените од Македонија се приближуваат до југословенскиот просек.

Секако дека незадржливиот процес на раслојување на семејството и современиот начин на живеење доведуваат до промени во ставовите на луѓето и од едно друго ниво на наталитет меѓу македонското население.

Стапката на природниот прираст во селското подрачје е поголема отколку во градската средина. Поправо, со одлевањето на селското население од село во град, а посебно поради се поголемото искуство во планирањето на семејството овие стапки постепено се изедначуваат. Тоа во исто време значи дека репродуктивната функција на семејството на село се намалува по својот обем, па во тој поглед селското семејство се приближува до градското. Со други зборови и селското население развива нов модел на својата репродукција која се одликува со ниски наталитетни стапки и со доминнација на семејства со помал број деца (спрема податоците од нашата анкета жените од село во најголем процент се определуваат за две деца 46,1%, при што многу малку е разликата меѓу нив и жените од градот кои за две деца се определуваат во најголем процент (50%[4] и 47,5%) за семејства со две деца, спротивно на жените службенички (кои се определуваат за две деца во 42,8%), наведува на констатацијата дека нивната социјално-економска положба покрај релативно повисокиот наталитет делува тие да го оценат како повисок бројот на децата кои го имаат. Затоа и земјоделките сметаат дека и идеалниот број деца во семејството (тие во 57,1% се определуваат за семејство со три деца) треба да биде помал од тој кој тие го оствариле (во 66,7% тие родиле три деца).[5]

Семејството како затворена биолошко-економска заедница, која со сопствени сили се издржува и организира, поголемиот број деца го чувствува како додатен товар кој поправо и е непотребен. Со трансформацијата на семејството низ поедини фази на неговата трансформација од биолошко-прризведувачката заедница кон биолошко-потрошувачка заедница ја снемува потребата од поголем број деца. Причините за се понискиот наталитет во нашите услови моажт со право да се систематизираат на овој начин:[6]

---

[5] Ваквите констатации во поглед на семејството се изнесени и во книгата на Ружа Фирст, „Сеоска породица данас*, Загреб, 1981;

[6] Види Јагода Клаузер, „Жена између рада и породице“, Загреб, 1975, стр. 57;

17*

1. Ја снема потребата за поголем број деца откако ги снема семејните претпријатија во кои на децата се гледало како на идна работна сила.

2. Децата се претвараат во потрајна грижа на родителите и потрајно оптоварување на семејниот живот. Се продолжува траењето на задолжителното школување, трошоците се сè поголеми како што се оди кон школите од повисок ранг. Оттука се подолго останување на децата во семејството, а со тоаи се подолго издржување на децата.

3. Големата оптовареност на жената на работното место, во домот, и на други форми на работа, скоро ја исклучува можноста за посветување на соодветна грижа и внимание на детето од која и да е возраст.

4. Традиционално вкоренетото мислење дека родителската грижа за децата (како здрави така и болни) главно се сведува на мајчинска грижа во условите на новите околности на работата и животот на вработената жена нужно се рефлектира врз смалувањето на големината на семејството.

5. Вработената жена доволно не ја чувствува грижата на општеството за биолошката репродукција на популацијата. Таа со ништо не е стимулирана да роди поголем број деца од тој што самата смета дека е разумно со оглед на своите животни околности.

Од нашето истражување може да се види колкаво е влијанието на постојниот систем на вредностите врз репродуктивното однесување на поединците, семејството и општеството како целина. Меѓутоа, колкаво е влијанието на системот на вредностите врз пореметувањето и опаѓањето на репродукцијата на населението во еден крај или една популација сè уште не е доволно проучено. Целта на нашето истражување беше да се набележат социјалните и психолошките варијабли за кои се претпоставувало дека можат да бидат поврзани за ниските репродуктивни норми кои ги прифаќа македонската популација. Сепак, мора да се истакне[7] дека и нашето истражување има одредени концепциски ограничувања со оглед на фактот дека не постојат формулирани теоретски ставови за факторите на ниската плодност. Овие прашања станале предмет на поинтензивни научни истражувања во светот и кај нас дури во последните децении.

Нашите социобиолошки сознанија за желбите и мотивите на семејството и поединците во однос на децата сè уште се традиционалистички и недоволни. Едно истражување на Чикашкиот универзитет во САД покажа дека желбите и ставовите за раѓање

[7] Оваа констатација е присутна и во делото „Варијабле ниског фертилитета становништва и намерни абортуси у САП Војводини", Београд, 1978, стр. 66;

деца во голема мера се одредени од следниве социодемографски карактеристики на личноста и семејството како што се возраста на жената, нивото на образованието, социјалната припадност, етничката припадност, вработувањето, карактерот на работата, местото на раѓање (град-село), местото на живеење (град-село), должината на живеењето во градот, висината на доходот по член на семејството, станбените прилики, должината на брачниот живот итн. Покрај овие фактори, ова истражување ги идентифицира следниве мотиви на зголемување на бројот на децата во семејството:

1) Здравствените мотиви (децата често умираат); 2) Економските мотиви (децата им помагаат на родителите да ги зголемуваат приходите и да ја обезбедат староста); 3) Благосостојбата на семејството (децата помагаат во семејството, ја продолжуваат лозата, го зајакнуваат семејството); 4) Го обезбедуваат прилагодувањето на брачните другари; 5) Личните потреби (манифестирањето на „јас" и на мажевноста); 6) Благосостојбата на општеството и на нацијата (нацијата е појака); 7) Моралните и културните мотиви (големото семејство е желба на Бога); 8) Одрекување од контрацептивните средства од естетски, здравствени и сексуални причини[8]. Тоа значи дека и причините за недоволното обновување на населението не можат да се бараат и не се наоѓаат секојпат само во материјалната сфера, туку мошне често во свеста на луѓето, во нивните ставови кон животот како последица на изменетите норми и традицијата за големината на семејството.

*

Видовме дека репродуктивното однесување на македонското население го карактеризираат претставите за поголем идеален број деца во семејството, но и, помал сакан број деца во сопствените животни услови во однос на бројот кој веќе тие го имаат во сопственото семејство. Иако, обично резултатите од истражувањата покажуваат дека економскиот пораст влијае врз постепеното опаѓање на наталитетот, мораме уште еднаш да констатираме дека, во исто време, успорениот економски пораст и опаѓањето на вработувањето,, уште повеќе го забрзуваат опаѓањето на наталитетот. Нашето истражување покажа дека македонското семејство во настојувањето да си ги подобри условите за живеење го намалува наталитетот (кој веќе се наоѓа под нивото на простата репродукција), што неповолно се одразува и ќе се одрази врз демографската ситуација кај нас. Во таа смисла правовремената реакција, соодвет-

[8] Vogue D. Inventory, Explanation and Evaluation by Interview of Family Planing, Geneva, 1965, p. 79, цитирано спрема Слободан Јакшиќ „Утицај неких деформација система вредности на репродуктивно понашање становништва", реферат поднесен на советувањето „Популациона политика у југословенском социјалистичком самоуправном друштво", одржан во Белград, 5—6 јуни 1984 год;

ните интервенции се неопходни за подобрување на состојбата во тој поглед. Тоа значи дека треба да се обезбедат социјални, економски и други услови кои ќе придонесат одлуките на поединците во поглед на наталитетот да бидат во согласност со потребите и можностите на општеството.

Наталитетот како одлучувачка динамичка компонента на развитокот на населението не може да биде на периферија на дејството на политиката, па затоа мерките кои би влијаеле врз намалувањето, односно рехабилитацијата на раѓањето се потреба на времето и на нашата средина. Појавата на депопулацијата (општо е познато) доведува до реагирање на општествената заедница преку спроведување на стимулативни мерки, затоа што нестанувањето, изумирањето на населението (нацијата), пред сè, е политичка но и економски мошне значајна и по последиците мошне комплексна појава.

Поаѓајќи од значењето и функцијата на населението за развојот на општеството, посебно од неговата функција во стопанството и одбраната, мошне сериозно треба да се согледаат општествените, економските и општествено-психолошките последици на промените во неговиот состав. Големата хетерогеност на основните демографски карактеристики, особено во врска со наталитетот, наметнуваат одредени мерки на популационата политика, односно посебни мерки на планирањето на семејството кои мора да бидат регионално, односно локално прилагодени. Искуството на голем број земји докажува дека е неопходно општествено-економскиот развој да биде следен од една активна популациона политика (директни мерки за смирување на наталитетните стапки таму каде што тие се повисоки, а поттикнување на раѓањето во срединитe со низок наталитет). Меѓутоа, во наши услови мора да се има предвид дека организираната и долгорочна акција вклучува, пред сè, одредени економски, воспитни и други мерки кои треба да ги почитуваат општочовечките права за кои како општество се залагаме во врска со репродукцијата.

*BLAGA PETROVSKA*

# THE NORMS FOR THE NUMBER OF MEMBERS IN THE FAMILY AND THE ATTITUDES OF MACEDONIAN POPULATION REGARDING THE REPRODUCTIVE FUNCTION OF THE FAMILY


## Summary

The author in this contribution pays attention to the influence of attitudes for the number of members in the family on the base of the concrete behavior of the individuals and the social groups in relation to its own reproduction. During the conduction a poll — the research work of the social condition of the natality the attitudes of married women have been examined (with at least one child) for the ideal number of members of family members itself. Those data compared with the real number of family members, number of alive chlidren and the number of children during conducting the poll, in order to establish the differences and to find out the reasons for the young generation through the examination of the yongsters in the last school lesson. The attitudes of the youth for the ideal and desired number of children in its family enables comparison and facing of the changes among generations, taking into considerations the fact that their attitudes are set aside by both some socio-demographic features of the youth itself and the housholds where the youngsters live in.

We came to a conclusion that the reproductive behavior of the parents considerably differs from the attitudes of their children. Ma king comparison for which we came to data during conducting the poll, following the continuity through three generations we concluded that while in the first generation mothers used to have an average of 5,3 alive children, 3,1 in the second generation, and mothers from the third generation would like to have 2,2 children.